Архивски број: 08-135/6
13-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-135/1 од 29.01.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз друга основа во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** по претставка број 08–135/1 од 29.01.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 29.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација врз друга основа во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија.

Во претставката се наведува дека подносителката ја поднесува истата од причина што смета дека била извршена директна дискриминација врз неа поради неопределување на повисоко дипломатско звање кое е основа за понатамошно добивање на повисоко административно звање. Подносителката наведува дека во Министерството за надворешни работи била вработена сметано од 2007 година со административно звање – Советник по што се стекнала со дипломатско звање – Прв секретар. Во период од 2011 до 2014 година подносителката била на мандат во Амбасадата во Прага со дипломатското звање Советник со кое се стекнала во 2010 година, додека пак во 2014 година се стекнала со административно звање – Началник на одделение. По поминати 14 години во звање Советник и уште еден мандат во странство со исто дипломатско звање – нејзиното дипломатско и административно звање останале непроменети. Од надлежните служби при министерството до сега нема добиено одговор по барањата поднесени од нејзина страна за преминување во непосредно повисоко звање. Понатаму во претставката подносителката наведува дека

согласно член 64Б од Законот за надворешни работи *Дипломатското звање се стекнува во постапка утврдена со овој закон*, а согласно алинеја д) *Дипломат по поминати четири години во звањето Советник, се стекнува со звање Министер Советник*. Понатаму, според Правилник за стручно оспособување и усовршување донесен во 2021 година се предвидувале обуки за стекнување звање Министер советник. Според Правилникот, Секторот за управување со човечки ресурси при Министерството за надворешни работи еднаш годишно до надлежниот директор на Директорат за дипломатска едукација доставувал листа на дипломати кои поминале потребен период во претходното звање како би можеле да следат обука за стекнување непосредно повисоко дипломатско звање. Директоратот за дипломатска едукација утврдувал конкретни обуки и план за спроведување на истите.

Подносителката исто така наведува дека во последните три години биле организирани бројни обуки за преминување и стекнување со повисоко дипломатско звање, но само до категоријата Советник, а не и за повисоко звање. Следствено подносителката смета дека е направена директна дискриминација со постапување понеповолно во однос на една група дипломати вклучувајќи ја и неа самата со што според неа се создавале услови за неможност за понатамошно било какво унапредување или добивање на повисоко административно звање. Воедно наоѓа дека неспроведувањето единствено на обуките за звање Министер советник претставувало директна дискриминација против одредена група или лице, дотолкуповеќе што одредена група на нејзини колеги вработени во министерството во изминатите години се стекнале со звањето Министер советник преку употребата на дискрециoното право на министерот за надворешни работи.

По ова од страна на подносителката на претставката, [redacted] од Скопје, на 27.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е Изјава број 08-135/5 за повлекување на поднесената претставка.

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) со кој е утврдено дека: ***"Комисијата носи заклучок за неповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.",*** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
11.06.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД